

# ФЕР е кога е ФЕР за сите!

Резултати од спроведената анкета
„Фер и правично судење во Р. Македонија“
на 489 испитаници во рамки на кампањата
„ФЕР Е КОГА Е ФЕР ЗА СИТЕ“

Издавач: Коалиција на здруженија на граѓани
„Сите за правично судење“
Ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје
Тел/Факс: +389 2 6139874
E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Web: **www.all4fairtrials.org.mk**

За издавачот: д-р Мирјана Иванова Бојаџиевска,
Претседателка

Автор: Национална канцеларија на
Коалиција „Сите за правично судење“

Уредник: Елена Наковска

Дизајн: Даниел Митковски

Тираж: Електронско издание

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU). Содржината во оваа публикација не ги претставуваат ставовите на SDC, NIRAS, МЦМС и SIPU.

# ВОВЕД

Целта на кампањата е информирање и промоција за основните права на сите учесници во една кривична постапка, со особен осврт на правото на фер и правично судење предвидено во Уставот на РМ, Европската конвенција за човекови права, како и останатото домашно процесно законодавство.

Кампањата имаше за цел да се придонесе кон подигнување на свеста за непристрасноста и независноста на судиите во судските постапки, како и правото на одбрана на обвинетиот во една кривична постапка и да се подигне свеста за фундаменталното човеково право – правото на правично судење и дека сите страни се еднакви пред законот, преку акцентирање на потребата и важноста на правичното судење и апсолутната независност на судот преку почитување на законите без исклучок и нивна примена на сите актери во едно општество.

*Оваа кампања е финансирана од програмата Цивика мобилитас која го поддржува граѓанското општество во промовирање општествени промени во (стратешки) области, како што се добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество. Исто така, се поддржува граѓанското општество и во упатувањето на три „трансверзални теми“: родовите прашања, меѓуетничките односи и миграциите.Сите региони и општини, сите сектори и теми се важни за Цивика мобилитас која ќе настојува да ги намалува регионалните и секторските разлики во развојот на граѓанското општество. Внимателно осмислениот институционален развој и организациско јакнење треба да придонесе и кон развојот на целото граѓанско општество како сектор и кон јакнење на самите граѓански организации.*

Кампањата се состоеше од две главни активности. Промоција на правата предвидени во членот 6 од ЕКЧП, Законот за кривична постапка и Уставот на Р.Македонија преку 4 кратки видео клипови кои беа прмовирани на ТВ и на социјалните мрежи.

Втората активност беше спроведување на анкета односно истражување која имаше за цел да се добијат податоци за состојбата на стандардите на фер судење во Р.Македонија.Анкетата е спроведувана од 14.10.2017 до 10.02.2018 година.

Начинот на спроведување на анкетата се одвиваше по пат на емејл адреси како и преку нејзино објавување на социјалните мрежи како фејсбук и твитер. Резултатите од анкетата се добиени од 489 испитаници.

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСПИТАНИЦИТЕ



## ПОДАТОЦИ ЗА СУДСКИ ПРОЦЕС НА ИСПИТАНИЦИТЕ

### Дали испитаникот или негов близок имал имал/е судски процес пред судовите на Р. Македонија?




### Во кое својство испитаниците се појавиле пред суд?




### Во кое својство Ваш близок се појавил пред суд?




Законот за кривична постапка на Република Македонија во членот 70 и член 380 став 2 пропишува дека секој обвинет ги има следниве основни права:

- да биде навремено и детално информиран, на јазик што го разбира, за делата за кои се товари и за доказите против него,
- да има доволно време и можности за подготвување на својата одбрана, а особено да има увид во списите и да биде запознаен со доказите против него и во негова корист, како и да комуницира со бранител по сопствен избор,
- да биде суден во негово присуство и да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор, а доколку нема средства да плати бранител, да добие бесплатен бранител кога тоа го бараат интересите на правдата,
- да ја изнесе својата одбрана,
- да не биде присилен да даде исказ против себе или своите блиски или да признае вина, - да има можност да се изјасни за фактите и доказите што го товарат и да ги изнесе сите факти и докази што му одат во прилог,
- самиот или преку бранител да ги испита сведоците против него, како и да му се обезбеди присуство и испитување на сведоците во негова корист под исти услови, како и сведоците против него и
- во текот на главната расправа да се советува со својот бранител, но не може да се договара како ќе одговори на поставено прашање.

## ЧЛЕН 380 СТАВ 2

### Поука за правата и изјаснување за вина на обвинетиот

(2) Претседателот на советот ќе го поучи обвинетиот за правото да молчи или да даде свој исказ и ќе го советува внимателно да го следи текот на главната расправа, при што ќе му укаже дека може да изнесува докази во своја одбрана, да им поставува прашања на сообвинетите, сведоците и вештаците, и да става забелешки во поглед на нивните искази.

Во врска со овој член беше поставено прашање во анкетата дали судијата ги објаснува основните права на обвинетиот.

### Дали судијата Ве поучил Вас или другите во постапката и ги објаснил на разбирлив начин Вашите основни права кои ги имате во постапката?




Лицето кое е обвинето за кривично дело има право во правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд**, во контрадикторна постапка** да може да ги оспорува обвиненијата против него и да предлага и изведува докази во своја одбрана.

Ова значи дека лицата во една постапка имаат еднакви можности во изнесување на својот случај пред надлежниот суд, и воедно имаат право да предлагаат и оспоруваат докази еднакво како и спротивната страна. Судот е должен според законот да постапува непристрасно и независно спрема сите странки во постапката и да бидат третирани еднакво.

Подолу во графиконот се мислењата на испитаниците во однос на ова право во судски процес

## Сметате ли дека судовите во Р. Македонија подеднакво ги третираат сите учесници во еден судски процес?




Второто прашање е поврзано со претходното и се однесува на оние испитаници кои одговориле дека не сметаат дека судовите еднакво ги третираат сите учесници или пак одговориле дека зависи од личното својство во кое се појавува странката во судскиот процес.

## Кој сметате дека има привилегија во судските постапки:




## Сметате ли дека судиите го почитуваат начелото на објективност и непристрасност во вршењето на својата работа?



## Во однос на трошоците во судските постапки (се мисли на судските такси за тужба, жалба, трошоци за вештачења и сл.) испитаниците сметаат дека




Уставот на Република Македонија во Членот 13 вели дека: *„Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. “*

Европската конвенција за човекови права во членот 6 вели дека: *„Секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин се́ додека неговата вина не се докаже по законски пат.“*

Пресумпција на невиност пропишува и Законот за кривична постапка на Р.Македонија

Одредбата гласи:

- *„Лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сѐ додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда.“*
- *„Државните органи, средствата за јавно информирање и другите субјекти се должни да се придржуваат до правилото од ставот (1) на овој член, а со своите јавни изјави за постапката што е во тек не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност.“*

Мислењето на испитаниците во врска со ова начело подолу во графиконите

## Дали се почитува правото на пресумпција на невиност? (лицето е невино додека не се докаже спротивното)



## Доколку сметате дека не се почитува кои се причините според вас:




Право на судење во разумен рок е едно од начелата на судките постапки, а судот е должен постапката да ја спроведе без одолжување и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата кои им припаѓаат на лицата кои учествуваат во постапката.

Тоа значи дека судот е должен во најкраток можен рок да постапува по барање на странките и е должен да донесе пресуда во разумен рок односно без одолговлекување на постапката.

Судењето во разумен рок е една од надлежностите на Врховниот суд на Република Македонија.

Врховниот суд во постапка утврдена со закон во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права одлучува по ваквото брање на странките.

Барањето може да се поднесе во текот на постапувањата пред домашните судови.

Мислењето на испитаниците е прикажано подолу во графиконите

## Сметате ли дека судот брзо и во законскиот рок ја донесува својата одлука?



## Сметате ли дека судовите брзо постапуваат по доставени барања/тужби?




## Кои се причините според вас:




## Дали сте запознаени со барање за судење во разумен рок?




## Дали го имате искористено правото на судење во разумен рок?



Европската Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи е признатa и ратификувана во Р.македонија во 1997 година. Европската Конвенција и нејзините протоколи ги гарантираат

Правото на:

- живот, слобода и безбедност на личноста ,правично судење во граѓанско-правни и кривично-правни работи
- глас и да се биде кандидат на избори
- слобода на мисла, свест и вероисповест
- слобода на изразување (вклучително слобода на медиумите)
- имот или мирно уживање на имотот
- слобода на собирање и здружување
- Забрана на:
- тортура, нечовечно или понижувачко постапување или казнување
- смртна казна, ропство и присилен труд
- дискриминација во уживањето на правата и слободите гарантирани во Конвенцијата
- протерување на сопствените државјани или да им се откаже влез колективно протерување на странци

## Дали имате чуено за Европската конвенција за човекови права?




## Дали сметате дека постои дискриминација пред судовите на Р. Македонија?



## Дали му верувате на судскиот систем во Р. Македонија?




На крајот од истражувањето испитаниците оставија коментар во однос на состојбата на судството во Р.Македонија, по нивно видување

